Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 29.09.2021

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама", казнило по чл. 247 од Кривичниот законик, СВР Скопје – Единица за внатрешни работи Чаир поднесе кривична пријава против Н.М.(50) од Скопје. Тој до почетокот на 2019 до април 2021 година, со намера да стекне противправна имотна корист, го довел во заблуда М.М., лажно претставувајќи се дека работи како геометар и лажно ветувајќи ми дека за сума од 3.161.100 денари ќе ми овозможи по легален пат да добие државно земјиште на користење, со можност потоа истото да биде откупено. Оштетениот му ги дал парите, но откако разбрал дека Н.М. не е геометар и не може да го реализира ветеното, сфатил дека е измамен и го пријавил случајот.

На 28.09.2021 во 17.00 часот на ул.„Кланица" во Битола, полициски службеници од СВР Битола – Отсек за недозволена трговија со дрога и оружје го лишиле од слобода Д.Чл. (35) од Битола. Во претрес во неговиот дом во Битола и во негоната викена куќа во с.Карамани, битолско, извршени со судска наредба, беше пронајдени и одземени пакувања со амфетамин, повеќе таблети во различни боји, семки од растението канабис и дигитална вага. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.09.2021 околу 19.50 часот на ул.„Круме Волнароски" во Прилеп, полициски службеници од Полициската станица Прилеп ја лишиле од слобода Р.М.(32) од Прилеп. При претрес во нејзиниот дом, извршен со судска наредба, беа пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.09.2021 околу 23.35 часот на ул.„Цветан Димов" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Д.С.(45) од Тетово, затоа што кај него бил пронајден хероин. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и подокументиран на случајот против кој ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.09.2021 околу 14.10 часот на ул.„Индира Ганди" во Скопје, полициски службеник од Полициското одделение Шуто Оризари лишил од слобода малолетен градеж од Скопје, кој бил затекнат при извршување „тешка кражба" на дрвја начин, односно во моментот кога со употреба на алат од вратот на Н.А.(61) Скопје одзел златен накит. Тој бил приведен и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 236 став 3 од Кривичниот законик.

На 28.09.2021 во 19.50 часот на подрачје на Аеродром, од полициски службеник од СВР Скопје е приведен Б.Р.(20) од с.Шишево, скопско, затоа што кај него бил пронајден нож. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.09.2021 во периодот од 13 до 19.00 часот на подрачјето на СВР Охрид била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, полициските службеници регистрирале 48 пречекорувања на дозволената брзина на движење на населеното место (Охрид-16, Струга-22, Кичево-10) и 51 надминување на дозволената брзина надвор од населено место (Охрид-20, Струга-11, Кичево-02, Дебар-18). На возачите им се поднесени прекршочни платни налози.

Денеска (29.09.2021) во 05.00 часот во Велес, полициски службеник од СВР Велес ја лишиле од слобода П.И.(23) од Велес, поради сомнение дека околу 02.20 часот во семејната куќа на ул.„Максим Горки" со остар предмет му нанела удобна рана на нејзиниот невенчан сопруг А.Р.(40) од Велес, по што починал. Лекар од Илма медицинска помош констатирал смрт. Бил извршен увид на местото на настанот и по целосно документирање на случајот против П.И. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.09.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 81 мерки против возачи, од кои 63 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 18 за пречекорување на брзината надвор од населено место. Откриени се и 18 други видови прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 28.09.2021 во периодот од 13.00 до 19.00 часот, СВР Струмица спроведе акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат моторни возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 51 прекршок, од кои 1 возач управувал возило со брзина поголема од 50 километри на час повеќе од дозволеното. За сите констатирани прекршоци биле изречени соодветни санкции.

На 28.09.2021 во Полициската станица Велес било приведено дека О.А.(44) од Велес поднел и се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Велес, додека извршувал работни задачи на објект во Велес за фирмата во која бил вработен. Бил извршен увид на местото, а за настанот бил известен и Трудов инспектор.

На 28.09.2021 во 22.30 часот во СВР Скопје, С.С.(54) од Скопје пријавил дека на ул. „Филип Филиповиќ" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото денеоќие (28.09/29.09.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 44 прекршоци.

На 28.09.2021 во 20.30 часот на ул.„Доне Божинов" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода И.Д.(28) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници од ОВР Свети Николе по презементи мерки и активности расчистија пет кривични дела, од кои три „тешка кражба" и две „кражба", за кои постојат основи на сомнение дека ги извршил А.Б.(33) од Свети Николе и против него до Основното јавно обвинителство Свети Николе е поднесена кривична пријава. Пријавениот А.Б., во текот на септември 2021 година на подрачјето на Свети Николе од куќи и помошни простории, пренесувајќи одеел разни предмети, но набрзо тоа бил откриен и приведен во полициска станица. Дел од предметите се пронајдени, одземени и вратени на оштетените граѓани.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.К.(38) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При претрес извршен во неговиот дом, полициските службеници пронајдоа и одземе марихуана.

СВР Скопје – Единица за внатрешни работи Чаир поднесе кривична пријава против Н.М.(50) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама", казнило по чл. 247 од Кривичниот законик. Тој до почетокот на 2019 до април 2021 година, со намера да се стекне противправна имотна корист, го довел во заблуда М.М., лажно претставувајќи се дека работи како геометар и лажно ветувајќи му дека за сума од 3.161.100 денари ќе му овозможи по легален пат да добие државно земјиште на користење, со можност потоа истото да биде откупено. Оштетениот му ги дал парите, но откако разбрал дека Н.М. не е геометар и не може да го реализира ветеното, сфатил дека е измамен и го пријавил случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.Ш.(47) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес во негова продавница во Охрид полициските службеници пронајдоа и одземе 13.203 различни видови петарди.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против U.A.(38) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоступување според задолжителните прописи за време на епидемија". При контрола на лица кои имаат решение за задолжителна самоизолација, извршена на 20.08.2021, полициските службеници не го пронашле пријавениот во неговиот дом со цел постапил спротивно на законските прописи за заштита од коронавирусот.

На 28.09.2021 во 09.00 часот на ул.„Сермениска" во Гевгелија, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Богородица го лишиле од слобода Г.П(33) од Гевгелија. При прегледа во неговото возило биле пронајдени моторна пила и огревни дрва кои биле нелегално исечени и за кои не поседувал никаква документација. Тој бил приведен и по извршениот разговор со него бил спроведен и предаден во Затвор Гевгелија, бидејќи истиот издржува казна затвор за сторено кривично дело по член 418-б став 2 од Кривичниот законик, а работел бил ангажиран од правно лице во периодот од 08.00 часот до 16.00 часот секој работен ден врз основа на склучен договор со правното лице и Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија.

Единицата за внатрешни работи Аеродром и Драчево поднесе кривични пријави за сторени кривични дела „измама" против тројца сторители, и тоа против Н.И.(27), Н.А.(30) и А.А.(32), сите од Скопје. Имено, Н.И. на 13.04.2021, свесно ја довел во заблуда оштетената С.С.Т. од Скопје, со која ско договорите купопродажба на моторно возило „БМВ 350 Д" за цена од 2.500 евра, за што пријавениот на оштетената ѝ дал 600 евра и 14.000 денари, по што го зел возилото со договор потоа да го донесе остатокот на парите, но не се врати и не ги донел парите. Н.И. и А.А., пак, со намера да стекнат со противправна имотна корист, на 12.11.2019 година, го довеле во заблуда Г.Р., кој на социјалната мрежа „Фејсбук" имал оглас за продажба на моторно возило „фолксваген поло". Тие со оштетениот потпишале и кој мотар заверале купопродажен договор за предметното возило за цена од 5.000 евра, без притоа да му платат, а возилото го продале на трето лице од Охрид за цена од 4.500 евра.

На 28.09.2021 во 11.30 часот во СВР Скопје, З.С.(63) од Скопје пријавил дека околу 09.55 часот во катна гаража на подрачје на Центар, каде бил вработен, бил физички нападнат од неговиот колега Г.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.09.2021 околу 14.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" со тешки телесни повреди бил донесен Р.И.(51) од Скопје, по чие кажување околу 10.30 часот на место викано „Бањански ред" во атар на с.Бањани, скопско, додека вршел работни задачи како работник во „Национални шуми", се здобил со повредите. Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје и известен е Трудов инспектор.

На 29.09.2021 во 00.00 часот во СВР Скопје, С.Ј.(39) од Скопје пријавила дека на 28.09.2021 околу 15.30 часот во семејниот дом на подрачјето на Карпош нејзината малолетна ќерка, по претходно недоразбирање, била физички нападната од нејзиниот татко И.Ј. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.А.(35) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Пријавената, како физичко лице во текот на 2020 остварила приход од 2.693.150 денари преку бр.трансфер на пари од неколку лица од Германија и го уплатила на своја трансакциска сметка во банка во Скопје. Остварениот приход таа не го пријавила и не поднела годишна даночна пријава до Управата за јавни приходи и на тој начин одбегнала да плати данок на доход од 10% од вкупниот доход, што е спротивно на Законот за данок на личен доход и Законот за даночна постапка. На тој начин пријавената го оштетила Буџетот на Република Северна Македонија за сума од 269.315 денари.

На 28.09.2021 околу 20.00 часот во СВР Скопје, Р.М.(71) од Скопје пријавил дека во механичарска работилница во с.Инџиково, скопско, настанал пожар при што изгорел разновиден алат, електрични уреди и други работи. Пожарот е изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Р.Д.(54) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Пријавениот се договорил со А.А. да купи од него реквизити за фитнес клуб по цена од 35.200 евра на шест рати. Тој не се придржувал кон договореното и исплатил само 10.000 евра, при што се стекнал со имотна корист од 30.000 евра.

На 28.09.2021 во 13.40 часот во Полициската станица Горче Петров било пријавено дека во с.Волково, скопско, настанал пожар во кукѓа сопственост на Б.Ц.(57), при што кукѓата целосно изгорела. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Б.(43) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „измама при добивање на кредит". На 01.04.2021, при аплицирање за одобрување на потрошувачки кредит во штедилница во Скопје во износ од 335.000 денари, кон барањето за кредит приложила административна забрана на нејзино име со невистинита содржина. Во документот таа внела невистинити податоци за висината на нејзинината плата, а се потпишала и на местата за овластено лице за пресметка на плати и директор. Таквиот документ го поднела при аплицирање за кредит во штедилницата, по што и бил одобрен кредит.

На 28.09.2021 во 19.38 часот во СВР Скопје било пријавено дека на кеј „13 Ноември" настанал пожар во помошна просторија. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Х.А.(37) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на недвижности" и „бесправно градење" . Во текот на 2021 година, во својство на инвеститор, во атар на село Лисец, пријавениот узурпирал катастарска парцела во државна сопственост и изградил викенд куќа без да поседува соодветна дозвола издадена од надлежен орган. На 19.06.2021, полициски службеници извршиле контрола и констатирале дека на наведеното место се врши бесправно градење, а по извршени проверки било утврдено дека во 2018 година пријавениот има поднесено барање за добивање правен статус на бесправен изграден објект што не кореспондира со фактичката состојба бидејќи објектот е изграден 2021 година.

На 29.09.2021 околу 03.10 часот на ул.„Цветан Димов" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го лишиле од слобода Д.А.(34) од С.Радишани, скопско, затоа што се однесувал агресивно и наредувал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.А.(54) од С.Милетино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". На 25.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не ја затекнале пријавената во својот дом и покрај тоа што имала решение за изолација и лекување во домашни услови.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.С.(26) од с.Горно Палчиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". На 13.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не ја затекнале пријавената во својот дом и покрај тоа што имала решение за изолација и лекување во домашни услови.

На 28.09.2021 во 18.15 часот на ул.„Анкарска" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.С.(53) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно и наредувал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Сајт е изработен во веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouta: kontakt@mvr.gov.mk

Изработено од Унет